

***Професорот Станковиќ беше трудољубив, достатно ангажиран, како на научен, така и на политички план. Имаше проблеми со видот, но, сепак и со едно око, читајќи со лупа, тој не се оддели од сè она што како секојдневна работа постојано ја работеше и исцело ѝ се посветуваше. Дури во ретките слободни мигови, особено кога беше здрав, свиреше на флејта и тоа мошне привлечно.***

*Се сеќавам мошне добро и на неговиот богат дух, кога ќе седевме со филџан кафе во Ботаничката градина или на другарските игранки. Умееше да раскажува и да се шегува. Се вели дека таквите „големци“ биле добри луѓе, меѓутоа, без претерување, тој навистина беше благороден. Не паметам некогаш да викнал со повисок тон, туку постојано беше смирен и тактичен. Сметаше дека сите сме едно семејство“*

Сигурно малкумина знаат дека сакаше риболов и беше стручњак за рибите. Неговите совети ги слушаа и искусните охридски рибари. Постојано се грижеше за размножувањето на рибите, а тоа им го објаснуваше не само на професионалците, туку и на спортските риболовци. Така на најдобар начин ја поврзуваше теоретската со практичната работа во науката.

Инаку, со монографијата за Охридското Езеро тој стекна светска слава и постојано место во историјата и науката.

За време на окупацијата, професорот Станковиќ бил член на Главниот народноослободителен одбор на Србија, а по ослободувањето, покрај работата на Универзитетот, бил претседател на Народноослободителниот фронт на Белград, потоа на АСНОС и на Президиумот на Народното собрание на Србија, до 1952 година. Исто така, бил член на Сојузното собрание на Југославија.

Бидејќи професорот Станковиќ беше одличен познавач на францускиот јазик и човек со безброј пријателски врски во странство, во текот на 1946 година бил член на југословенската делегација што учествувала на Париската конференција за мир. Притоа, неговата активност, а особено неговите залагања за решавањето на Трст, биле од посебен интерес.

Исто така, со успех ги застапувал интересите на земјата и на други меѓународни конференции, особено на оние за обновување на научно - истражувачката работа во земјата. Неговото име низа години претставувало поим за југословенската наука, а неговиот придонес кон универзитетската настава и активната општествено - политичка дејност, го претставувале неговиот животен пат.

Во големиот број задолженија, професорот Станковиќ беше и раководител на низа научни институции, совети и друштва. Така, беше раководител на Зоолошкиот завод на Природно - математичкиот факултет во Белград, директор на Биолошкиот институт во Белград, раководител на научната работа на Хидробиолошкиот завод во Охрид, претседател на Академскиот совет на Југославија, претседател на Српското биолошко друштво и др.



*МАНУ*

Заради извонредниот придонес во биолошките истражувања и во науката во целина, беше член на голем број домашни и странски академии и друштва. Меѓу другите, на Српската и на Словенечката академија на науките, член на Југословенската академија на науките и уметностите, дописен член на академиите на науките и на уметностите на Македонија и на Босна и Херцеговина, надворешен член на Советската академија на науките, член на Американското друштво за унапредување на науката, член на Американското еколошко друштво и др.

Академикот Станковиќ е носител на многубројни одликувања, меѓу кои посебно треба да се издвојат Орденот на народното ослободување, Орденот братство и единство од прв ред, Орденот на Републиката со златен венец и др.

За особен придонес, тој е добитник, меѓу другото, и на Нојмановиот медал од Интернационалното лимнолошко друштво и на наградата АВНОЈ.

Уште од почетокот на наставничката кариера, професорот Станковиќ особено се ангажирал за оформување на екологијата како наука, за добивање статус на научна дисциплина која треба да ги проучува односите помеѓу живите организми и нивната конкретна средина.

По негова заслуга, во 1947 година во Белград беше формиран Институтот за екологија и биогеографија, прв од таков вид во земјата и на Балканот, кој што подоцна прерасна во Институт за биолошки истражувања. Основањето на Институтот, всушност, беше официјално прифаќање на начелата на новата наука, за која тој толку успешно пишувал во книтата „*Рамка на животот“,* уште во 1933 година.

***Продолжува***



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**